РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА
-ДОМ НА МЛАДИ
Бр. 0101-129/1
04. 08 2026 год.
ШТИП

Врз основа на членот 19 став (1) точка 12 од Статутот на Општинската установа за култура “Дом на млади“ – Штип, а во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14; 199/14; 27/16; 35/18 и член 77; 77-а; 77-б; 77-в; 77-г; 77-д; 77-ѓ; 77-е; 77-ж; 77-з и 77-ѕ од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и11/18 – Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр. 196/2007 од 16.01.2008 објавена во „Сл. весник на РМ“бр. 15/2008), Управниот одбор на ОУК „Дом на млади” – Штип донесе:

# П Р А В И Л Н И К

**За формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен оглас од ОУК „Дом на млади” – Штип**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги во ОУК „Дом на млади” – Штип преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистар на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавниот сектор.

Член 2

(1) Јавниот оглас за пополнување на работни места во во ОУК „Дом на млади” – Штип особено содржи:
- лого и назив на ОУК „Дом на млади” – Штип (установата која го објавува јавниот оглас);
- Основ за објавување на огласот
- За секое различно место во огласот: реден број, шифра, назив и број на извршители;
- За секое различно место во огласот: општи услови (во согласност со закон и/или колективниот договор); посебни услови(образование, работен стаж, општи и посебни компетенции во согласност актот за систематизација на работните места во ОУК „Дом на млади” – Штип, и/или дополнителни услови доколку ги има;
- за секое различно работно место во огласот: распоред на работното време и дневно и неделно работно време;

- за секое различно работно место во огласот: паричен нето износ на плата;
- рок за поднесување на пријавата за вработување;
- на кој начин и каде треба да се поднесе пријавата и задолжителните докази за исполнување на условите за вработување (во хартиена форма или електронски со наведување на точната адреса)
- кратка информација за начинот за спроведување на постапката за селекција (да се наведат фазите, на пр. Проверка на пријавите и доказите, интервју и/или други форми на проверка на кандидатите).

Член 3

Пријавата за вработување на работно место во ОУК „Дом на млади" – Штип особено содржи:

- податоци за кандидатот (име и презиме, единствен матичен број граѓански, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон), како и мотивациско писмо.
- Кратка биографија,
- Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов оделно;
- Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов оделно;
- Изјава за исполнување на дополнителните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов оделно, доколку се бара дополнителни услови;

Член 4

Регистарот на лица кои дале лажни податоци на јавниот оглас за вработување во јавниот сектор се води во електронска форма и содржи : име и презиме, единствен матичен број граѓански, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, за кандидатот кој дал лажни податоци за вработување во јавниот сектор.

Член 5

(1) Лицата кои дале лажни податоципри вработување во јавниот сектор се запишуваат во регистарот врз основа на известувањето добиено од Комисијата која ја спроведува постапката за селекција, а која утврдила дека кандидатот приложил лажни докази во постапката утврдена со закон.
(2) Кон известувањето од став (1) од овој член, се доставува и одговорот за веродостојноста на доказите, добиени од установата која ги издала или била надлежна да го издаде доказот чија неверодостојност е утврдена.

Член 6

(1) За спроведување на постапката за вработување, директорот формира комисија.

(2) Комисијата за постапката за вработување е составена од тројца раководни лица вработени во ОУК „Дом на млади" – Штип, и тоа: претседател и два члена и нивни заменици.

(3) По исклучок од став (2) на овој член, доколку установата нема раководни вработени лица, членовите на комисијата за постапката за вработување се определуваат од Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија.

Член 7

(1) Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју.

(2) Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојноста на доказите имаат право да продолжат на интервју.

(3) На интервју преку прашања се проверуваат компетенциите потребни за категоријата и нивото на која припаѓа работното место.

(4) Во рок од три дена Комисијата подготвува и до директорот на во ОУК „Дом на млади" – Штип доставува предлог кандидат.

Член 8

(1) Во постапката за селекција на кандидатот , давател на услуги, може да добие максимално 100 бодови.

(2) Во фазата административна селекција се бодуваат: образованието и работното искуство.

(3) Кандидатот може да добие вкупно 50 бодови, од кои :
од 0 до 30 бодови за формално образование; од 0 до 5 бодови за неформално образование; од 0 до 15 бодови за работно искуство.

(4) Во фазата на интервју се бодуваат 50 бодови: општи прашања10 бодови, прашања од општи работни компетенции 20 бодови и прашања од посебни работни компетенции 20 бодови.

Член 9

(1) Директорот на во ОУК „Дом на млади"– Штип во рок од 5 (пет) дена од денот на добивање на предлогот од членот 7 ставот (4) од овој правилник е должен да донесе одлука за избор.

(2) Одлуката за избор се доставува до кандидатот и се објавува на ВЕБ страницата и на огласната табла на во ОУК „Дом на млади" – Штип.

(3) Против одлуката од ставот (1) на овој член незадоволниот кандидат има право, во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Управниот одбор на во ОУК „Дом на млади" – Штип.

Член 10

(1) Во рок од 5 (пет) дена од конечноста на Одлуката за избор, директорот на ОУК „Дом на млади" – Штип носи решение за вработување и со избраниот кандидат склучува договор за вработување.

(4) На избраниот кандидат му се врачува решението, односно договорот за вработување, му се обезбедува пристап до актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на ОУК „Дом на млади" – Штип.

(2) и други релевантни акти, за што тој потпишува потврда за прием која се чува во неговото досие.

Член 11

Овој правилник влегува на сила со денот на неговото донесување.

Штип 2026 година

Управен одбор на
ОУК „Дом на млади" – Штип
П р е т с е д а т е л
Влатко Жежов